ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

10-та Меѓународна научна конференција

**Десетта меѓународна научна конференција**

# „ПАТОТ КОН УСПЕХОТ - ИНОВАЦИЈА, ИНТЕРАКЦИЈА, ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА“

Повик за научни трудови
Повик за уметнички и дизајнерски дела



**ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ**
**Скопје, 2020 година**

ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ

10-та Меѓународна научна конференција

## 1. Генерални податоци за меѓународнатаконференција

## 2. Одбори и учесници на меѓународнатаконференција

## 3. Насоки заучесниците

## 4. Насоки за пишување на научнитетрудови

## 5. Насоки за уметнички и дизајнерски дела

# 1. Генерални податоци за меѓународната конференција

## Мисија

Еден од клучните фактори во одредувањето на крајниот успех на организациите е нивната способност да ја користат иновацијата. Денес, способноста за иновирање е најзначаен фактор за создавање на конкурентски предности и успеси за организацијата во динамичкото надворешно опкружување. Иновацијата претставува примена на нови или подобрени идеи, постапки, добра, услуги и процеси кои носат нови карактеристики и квалитет во примената. Иновацијата е движечката сила на економијата на сите нивоа и во сите видови на организации.

За да се обезбеди сигурен и постојан проток на иновации, организациите мора континуирано и систематски да менаџираат со нив. За иновации се потребни интеракција, дебата и кооперација. Процесот на интеракција е особено важен и треба да биде вклучен во севкупната иновациска стратегија. Тој е процес кој ги поддржува сите останати процеси во една организација и обезбедува ефективна комуникација од внатре кон надвор и во самата внатрешност на организацијата. Еден од најголемите проблеми кој може да биде дел од овој процес е слабата интеракција помеѓу различни делови во организацијата и помеѓу организацијата и надворешните чинители.

Заедничка карактеристика на која било иновација е тоа дека мора да се имплементира. Клучот за успешна иновација е нејзината соодветна имплементација. Изборот на опции за имплементација е последниот чекор во иновативниот процес, од кој зависи спроведувањето и разработувањето на новите идеи на пазарот. Успешната имплементација на иновацијата во голем дел зависи од континуираната интеракција од почетокот на процесот на промена и добивање на повратни информации за резултатите од промените.

Иновацијата е клучен двигател на економскиот пораст и таа може да води кон успех.Организациите кои се способни да ја користат иновацијата за да ги подобрат нивните процеси создаваат можности да бидат поразлични од другите, создавајќи услови за зголемено  пазарно учество, профитабилност и развој.

Мисијата на оваа меѓународна научна конференцијата е да се поттикнат научните и истражувачките работници од различните образовни институции, бизнис заедницата од Република Северна Македонија и од странските земји и владиниот и невладиниот сектор, да ги разменат нивните најнови сознанија и практични искуства во врска со создавањето на нови технологии, нови начини на работа, процеси, услуги, иновативни техники, случувања, ажурирања и достигнувања од сите сфери на науката.

## Цели

Иновативните процеси се клучен двигател за едно општество и носат огромен придонес за целокупниот развој и просперитет во сите сфери од општественото живеење и работење. Иновацијата ја зголемува продуктивноста и може да доведе до

производи со подобар квалитет, подобра здравствена заштита, подобри стандарди за безбедности производи и услуги што се подобри за животната средина. Целите на конференцијата се насочени кон научно разгледување на најновите иновативни методи и техники кои се откриваат со научните истражувања, континуираната интеракција со потрошувачите и вработените во организациите поврзани со резултатите од нивната соодветна имплементација за да се дојде до изнаоѓање на нови инвентивни решенија за подобар и поприфатлив начин на живеење и работење.

## Теми

Основните теми треба да ги прикажат најновите иновативни процеси и решенија во сите сфери од општествената заедница.

- **Современи безбедносни предизвици и пронаоѓање одговори за нив**
- **Балансирање на иновативноста и безбедноста во ерата на дигиталната трансформација**
- **Правото како основа на успешното работење**
- **Правото како цивилизациска придобивка**
- **Маркетинг трендови и иновации**
- **Иновации и претприемништво**
- **Иновации во дигитални финансии**
- **Модерните предизвици во функционалните и естетски решенија во протетиката**
- **Кариес на раното детство -Едукација и превенција**
- **Судско-медицински методи и вештачења преку забало и лицево вилични коски**
- **Нови и современи стандарди и нивно имплементирање во судската медицина, криминалистика и медицинска деонтологија**
- **Иновации во биолошките и медицинските науки и истражувања**
- **Матични клетки - иднината на стоматологијата**
- **Дизајн процесот како стратешка алатка за развој и имплементација на иновативни решенија**
- **Добриот дизајн - предуслов за успешни производи и услуги во Ерата на иновациите**
- **Уметноста како еден од клучните двигатели на иновациите**
- **Вештачка интелигенција и автономна иновација**
- **Парадигми на интеракција човек-машина**
- **Предизвици на трансхуманизмот**

## 2. Одбори и учесници на меѓународната конференција

### Програмски одбор

1. Проф.д-р Владо Ванковски, Ректор на Европски универзитет, Скопје - Претседател;
2. Проф.д-р Елизабета Стамевска, Проректор на Европски универзитет, Скопје;
3. Проф.д-р Александра Станковска, Декан на Факултет за економски науки, Европски универзитет, Скопје;
4. Проф.д-р Гордана Вренцоска, Декан на Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет, Скопје;
5. Доц.д-р Александар Нацев, Декан на Факултет за детективи и криминалистика, Европски универзитет, Скопје;
6. Доц.д-р Маријан Габеров, Декан на Факултет за правни науки, Европски универзитет, Скопје;
7. Доц.д-р Анис Сефиданоски, Декан на Факултет за информатика, Европски универзитет, Скопје;
8. Проф.д-р Билјана Андреска Богдановска, Економски факултет, Европски Универзитет, Скопје;
9. Проф.д-р Александра  Андреска Саревска, Факултет за Информатика, Европски Универзитет, Скопје;
10. Проф.д-р Југослав Ачкоски, Воена академија „Генерал Михајло Апостолоски“, Скопје;
11. Проф.д-р Кагри Делибаши, Факултет за стоматологија, Медипол Универзитет, Турција;
12. Проф.д-р Александар Митиќ, Факултет за стоматологија, Ниш;
13. Проф.д-р Жељко Бартуловиќ, Правен факултет, Универзитет во Ријека;
14. Проф.д-р Динка Златева, Факултет за економија, Југозападен универзитет „Неофит Рилски“, Благоевград;
15. Проф.д-р Татјана Ковач, Факултет за комерцијални и деловни студии, Целје;
16. Проф.д-р Марта Џомџора, Факултет за визуелни уметности, „Академија за уметности”, Шчечин;
17. Проф.д-р Дарко Труфуновиќ, директор на Институт за национална и меѓународна безбедност, Белград;
18. Проф.д-р Зоран Драгишиќ, Факултет за безбедност, Универзитет во Белград, Белград;
19. Проф. д-р Марина Коцарев, Висока текстилна стручна школа за дизајн, технологија и менаџмент, Белград;
20. Доц.д-р Абдулах Исламоглу, Истанбулски универзитет, Истанбул;
21. Доц.д-р Слаѓана Милардовиќ, Стоматолошки факултет, Загреб;
22. Доц.д-р Младен Накиќ, Меѓународен универзитет Либертас, Загреб;
23. Доц.д-р Станислава Панчева Георгиева, Нов Бугарски универзитет, Софија;

24. Виш предавач м-р Петра Вовк Шкерл, Факултет за комерцијални и деловни студии, Целје.

## Организационен одбор

1. Доц.д-р Катерина Василева Гешоска, Декан на Факултет за стоматологија, Европски универзитет, Скопје-Претседател;
2. Доц.д-р Маријана Мирческа, Продекан на Факултет за стоматологија, Европски универзитет,Скопје -Секретар;
3. Андреја Андреев, Генерален секретар, Европски универзитет, Скопје - Член;
4. Проф.д-р Оливера Саракинова, Професор на Факултет за стоматологија, Европски универзитет,Скопје - Член;
5. Проф.д-р Вера Стојановска, Професор на Факултет за стоматологија, Европски универзитет, Скопје - Член;
6. Проф.д-р Енис Реџеп, Професор на Европски универзитет, Скопје - Член;
7. Проф.д-р Љиљана Конеска, Продекан на Факултет за детективи и криминалистика, Европски универзитет, Скопје - Член;
8. Проф.д-р Савица Димитриеска, Продекан на Факултет за економски науки, Европски универзитет, Скопје - Член;
9. Доц.м-р Благојче Наумоски, Продекан на Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет, Скопје- Член;
10. Доц.д-р Игор Лазов, Професор на Факултет за информатика, Европски универзитет, Скопје - Член;
11. Доц.д-р Емилија Костадиновска, Доцент на Факултет за стоматологија,Европски универзитет, Скопје - Член;
12. Асс.м-р Ебру Ибиш, Асистент на Европски универзитет, Скопје- Член;
13. Проф.д-р Гордана Вренцоска, Декан на Факултет за арт и дизајн, Европски универзитет, Скопје - Графички уредник;
14. м-р Марија Драговиќ, виш лектор на Европски универзитет, Скопје- Преведувач;
15. Асс.м-р Мимоза Стаменковска, Асистент на Факултет за стоматологија, Европски универзитет, Скопје-Технички секретар;
16. Стефан Јакимовски, Европски универзитет, Скопје-Технички уредник.

## Учесници

Учесници на конференцијата ќе бидат:

- Експерти од сите области на науката и уметноста, стоматолози, лекари,биолози, екологисти,социолози, економисти, уметници, дизајнери, информатичари, технолози, машински инженери, претставници од бизнис секторот, претприемачи, како и претставници на владини и невладини организации, претставници на религиски заедници и поединци;
- Универзитетски професори и соработници (асистенти);
- Студенти.

## 3. Насоки за учесниците

### Рокови за котизација и испраќање на научните трудови

1. Авторите најдоцна до 01.05.2020 година да ги испратат апстрактите, а најдоцна до 01.09.2020 година да испратат трудови на официјалната e-mail адреса на конференцијата: intconference2020@eurm.edu.mk
2. Рецензија на трудовите ќе се прави во периодот од 01.09.2020 година до 07.09.2020година.
3. Програмскиот одбор да ги извести авторите за прифаќање на нивните трудови најдоцна до 10.09.2020 година.
4. Уплата на котизација за учество на конференцијата од страна на учесниците да се изврши најдоцна до 15.09.2020 година.
5. Конференцијата ќе се одржи на 25.09.2020.
6. Целосните трудови ќе бидат објавени во печатена верзија од меѓународното списание „IDEA” (International Journal of Science and Arts), како и во електронска форма на CD и официјалната веб страница на Европскиот универзитет на www.eu.edu.mk.
7. Учесниците на конференцијата ќе добијат формален писмен сертификат за нивното учество на Меѓународната научна конференција од страна на организаторот.
8. Трудовите ќе бидат објавени на EBSCOhost Online Research Databases | EBSCO.

### Рокови за уметнички и дизајнерски дела

1. Авторите најдоцна до 01.09.2020 година да испратат: наслов на делото, година на создавање на делото, опис на делото најмногу до 250 зборови, заедно со визуелно претставување на делото / фотографија на официјалната e-mail адреса на конференцијата: intconference2020@eurm.edu.mk
2. Рецензија на делата ќе се прави во периодот од 01.09.2020 година до 07.09.2020 година.
3. Програмскиот одбор да ги извести авторите за прифаќање на нивните дела најдоцна до 10.09.2020 година.
4. Авторите кои можат физички да ги доставаат делата ќе бидат известени дополнително во кој период ќе можат да ги донесат во просториите на Европски универзитет, Скопје.
5. Авторите кои делата ќе ги праќаат по пошта ќе можат да ги испратат на адресата на Европскиот универзитет, бул. „Климент Охридски“ бр. 68, 1000 Скопје, при што трошоците за поштарина се на нивна одговорност. Организаторот нема да одговара за оштетување на делата при транспорт.
6. Делата ќе се изложат за јавност во просториите на одржување на конференцијата, на 25.09.2020 година.
7. Делата (опис и визуелна форма / фотографија) ќе бидат објавени во печатена верзија од меѓународното списание “IDEA” (International Journal of Science and Arts), како и

во електронска форма на CD и официјалната веб страница на Европскиот универзитет на www.eu.edu.mk.

8. Учесниците на изложбата ќе добијат формален писмен сертификат за нивното учество на Меѓународната научна конференција од страна на организаторот.
9. Уплата на котизација за учество на конференцијата, т.е. изложбата од страна на учесниците да се изврши најдоцна до 15.09.2020 година.
10. По завршувањето на конференцијата, авторите ќе бидат известени кога ќе можат да си ги подигнат своите дела. Доколку делата се испраќаат по пошта, трошоците за поштарина се на нивна одговорност.

## Јазици

Македонски и англиски јазик

## Надомест за учество

Котизацијата за учество на конференцијата ќе изнесува 50 евра (3075 денари) по автор.Во цената е вклучен еден примерок од печатената верзија од меѓународното списание „IDEA" (International Journal of Science and Arts).Доколку примерокот се испраќа по пошта, трошоците се на сметка на авторот.

Еден автор може да учествува само со еден научен труд и како ко-автор на уште еден труд.

Еден автор може да учествува најмногу со две уметнички или дизајнерски дела.

Еден автор може да учествува со еден научен труд и со едно уметничко или дизајнерско дело.

Студентите од Европскиот универзитет, Скопје и наставниот кадар од членките на Конференцијата на приватни високообразовни установи во Р.С.Македонија се ослободени од плаќање на котизација за учество.

## Сметки за уплата на котизацијата

**Денарска сметка:**

Назив на примачот: Европски Универзитет

Банка на примачот: Комерцијална Банка А.Д. Скопје

Сметка: 300000002914983

Даночен број: 4030007629819

**Девизна сметка:**

Evropski Univerzitet

IBAN: MK07300701002444367

KB SWIFT: KOBSMK2X

Banka: Komercijalna Banka A.D. Skopje

**Дополнителни информации** можат да се добијат на:

- e-mail адресата intconference2020@eurm.edu.mk и
- телефонскиот број **02/3202165.**

## 4. Насоки за пишување на научниот труд

### Форма и содржина на трудот

Трудот треба да содржи: апстракт и клучни зборови на англиски (ако трудот е напишан на англиски јазик) или на македонски и англиски јазик (ако трудот е напишан на македонски јазик), содржина односно дискусија, заклучок на англиски јазик (ако трудот е напишан на англиски јазик) или на македонски и англиски јазик (ако трудот е напишан на македонски јазик) и користена литература (библиографија).

Апстрактот треба да содржи најмногу до 300 зборови и 5-7 клучни зборови.

Трудот, вклучувајќи ги табелите и графичките прилози, треба да биде распореден најмногу до 7 страници и истиот треба да биде изработен во:

- Microsoft Office - Word 2010;
- Фонт Times New Roman, големина на фонтот 11;
- Фусноти со фонт Times New Roman, големина на фонтот 9; Проред 1,5;
- Големина на страницата - A4 (Width: 21, Height: 29,7) и Top: 2,5 cm; Bottom: 1,8 cm; Left: 1,8; Right: 1,8 cm, Gutter: 0 cm;
- Името на авторот, институцијата, e-mail и земјата се пишуваат во горниот десен агол од првата страна на трудот;
- Насловот на трудот е на првата страна под името на авторот, центриран и напишан со големина на фонт 14 и bold;
- Апстрактот и клучните зборови се додаваат веднаш под насловот на трудот и се напишани со фонт 11;
- Текстот на трудот доаѓа во нивно продолжение;
- Табелите се прикажуваат во текстот или на посебна страна на крај од трудот. Над табелата се наведува ознаката: Табела, реден број на табелата според редоследот на табелите во трудот и краток информативен наслов (на пример: Табела 1: Стапки на раст на реалниот БДП во Р.С.Македонија). Под табелата се наведува изворот со фонт 10, од десната страна на долниот дел на табелата;
- Графичките прилози се прикажуваат во текстот или на посебна страна на крајот на трудот. Над графичкиот прилог се наведува ознаката Графикон, реден број на графиконот според редоследот во трудот и краток информативен наслов (на пример, Графикон 1: БДП според производствениот метод). Под графиконот се наведува изворот со фонт 10, од десната страна на долниот дел на графиконот.

  Публикувани ќе бидат само трудовите што се изработени согласно упатствата на организаторот.

### Цитирање на литературата

Користената литература се цитира користејќи го харвардскиот стил. За начинот на наведување на изворите во користената литература (библиографија) можете да ги користите следниве примери:


1) Bruyere, R.: *Credit Derivate and Structured Credit: A Guide for Investors*. New Jersey: John Wiley & Sons. 2006.
2) European Investment Bank: *EIB Steps Up and Diversifies its Financing in the Western Balkans: EUR 320 million in 2001*. Luxemburg: EIB: Annual Press Conference, 2002. No.8.
3) EC: *White paper: European transport policy for 2010: time to decide*. Luxembourg: Office for Official Publications of the European Communities, 2001.
4) Keegan, Warren J.: *Global marketing management*. Delhi (India): Pearson, 2005.
5) Kenneth, B.: *International transport: Linking Europe's future to the rest of the world. Innovation*: "The European Journal of Social Sciences". Vol. 10 (1997) pp.231-247.
6) Sinkey, Joseph F.: *Commercial bank financial management in the financial-services industry*. Upper Saddle River (New Jersey): Prentice Hall, cop.2002.
7) http://www.stat.gov.mk (20 Dec.2011).


Доколку цитираните референци имаат три или повеќе автори, во текстот се наведува презимето на првиот автор и скратеницата и др.(et.al.).

## 4. Насоки за уметнички и дизајнерски дела

Авторите треба да испратат, на англиски јазик (на македонски и англиски јазик за домашните автори): наслов на делото, година на делото, опис на делото најмногу до 250 зборови, во:

- Microsoft Office – Word 2010;
- Фонт Times New Roman, големина на фонтот 11;
- Фусноти со фонт Times New Roman, големина на фонтот 9; Проред 1,5;
- Големина на страницата – А4 (Width: 21, Height: 29,7), и Top: 2,5 cm;
- Bottom: 1,8 cm; Left: 1,8; Right: 1,8 cm, Gutter: 0 cm;
- Името на авторот, институцијата, e-mail, и земјата се пишуваат во горниот десен агол од првата страна на трудот;
- Насловот на делото е под името на авторот, центриран и напишан со големина на фонт 14 и bold;
- Под него е годината на делото со фонт 11;
- Под годината е описот на делото со фонт 11;

Визуелната презентација / фотографија, која ќе се објави во списанието треба да биде испратена како jpg формат најмногу до А4 формат вертикална поставеност, со резолуција од 300 dpi, во RGB.

Форматите на делата за изложбата се ограничени до 70x100 см за дводимензионалните дела, и 50x50x70 см за тродимензионалните форми.

## Време и место на одржување

Конференцијата ќе се одржи на **25.09.2020,** со почеток во 11:00 часот, во просториите на Европски Универзитет, Скопје,бул. „Климент Охридски“ бр. 68, 1000 Скопје.

***Ве очекуваме на Десеттата меѓународна научна конференција!***
***Европски универзитет, Скопје***